Врз основа на член 21, став 3 од Упатството за начинот и условите за поставување, проверката на знаењето и разрешувањето на постојаните судски преведувачи („Службен весник на РМ“ бр.28/08), Министерот за правда донесе

# П Р О Г Р А М А
## за проверка на знаењето на странски јазик за поставување на постојаните судски преведувачи

## I. ПИСМЕН ДЕЛ

Писмениот дел од проверката на знаењето на кандидатот опфаќа превод на:

1. Поднесоци и одлуки според Законот за општата управна постапка (решение, жалба, записник, заклучок, полномошно и сл.),
2. Тужба за управен спор според Законот за управните спорови,
3. Пресуда на Управниот суд на Република Македонија,
4. Одлуки на основните, апелационите судови и Врховниот суд на Република Македонија (во граѓанските, кривичните, прекршочните и други постапки),
5. Обвинение според Законот за јавното обвинителство,
6. Поднесоци според Законот за адвокатура,
7. Договори според Законот за облигационите односи,
8. Поднесоци до органите на државна управа,
9. Акти на органите на државната управа (потврди, изводи, уверенија, одобренија и сл.)
10. Нотарски акти (изјава, заверка на препис, јавни исправи, свидетелства и сл.)
11. Извршни акти според Законот за извршување,
12. Одредби од процесните и материјалните закони

## II. УСНЕН ДЕЛ

Усниот дел од проверката на знаењето на кандидатот опфаќа познавање од:Уставно уредување на Република Македонија (преамбула на Уставот на РМ, одредби за основните слободи и права на човекот и граѓанинот, гаранции на основните слободи и права - судска и друга заштита, правни акти на Собранието на Република Македонија, Претседател на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Уставен суд на Република Македонија, Локална самоуправа),

1. Организација и делување на правосудните органи (набројување на видови на судови според Закон за судови, основни поими за надлежност на другите правосудни органи: јавно обвинителство, државно правобранителство, адвокатура, нотаријат )
2. Основи на судските постапки (кривична, парнична, вонпарнична и управна): кривична пријава, обвинение, тужба, барање и сл. 2

## III. УСНЕН ДЕЛ - ДИРЕКТЕН ПРЕВОД (КОНСЕКУТИВЕН ПРЕВОД)

Директниот превод кандидатот го врши на текст кој го чита член на Комисијата за проверка на знаењето за странски јазик, од македонски на странски јазик и обратно

## ПРОПИСИ:

- Устав на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.52/91),
- Амандмани на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.1/92, 31/98, 91/01, 107/05 и бр.49/2011),
- Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр.58/00, 44/02, 82/2008,167/2010 и бр. 51/2011 ),
- Закон за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.38/05, 110/2008 и бр. 51/2011),
- Закон за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.62/06 и бр. 150/2010),
- Закон за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр.150/07 и бр. 111/2008),
- Закон за адвокатурата („Службен весник на РМ“ бр.59/02, 60/06, 29/07 и 08/08),
- Закон за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08 и бр. 150/2010),
- Судски деловник („Службен весник на РМ“ бр.71/07,157/09 и бр. 58/2011
- Закон за Државното правобранителство („Службен весник на РМ“ бр.87/07),
- Закон за нотаријат („Службен весник на РМ“ бр.55/07, 86/2008 и бр. 139/2009 ),
- Закон за облигационите односи („Службен весник на РМ“ бр.18/01, 71/2001, 4/2002, 59/2002, 5/2003, 84/2009, 81/2009 и бр. 161/2009)
- Закон за парничната постапка („Службен весник на РМ“ бр.7/2011-пречистен текст) ,
- Закон за извршувањето (,,Службен весник на РМ“бр.59/2001-пречистен текст),
- Кривичен законик (,,Службен весник на РМ“бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/02, 19/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06 и 7/08),
- Закон за кривична постапка (,,Службен весник на РМ“бр.15/97, 44/02, 74/04, 15/05, 83/2008, 67/2009 и бр.51/2011),
- Закон за вонпарнична постапка (,,Службен весник на РМ“бр.9/08).

## НАПОМЕНА:

Кандидатите се должни да ги следат измените и дополнувањата во прописите предвидени во Програмата и истите може да ги најдете на веб страната на Министерство за правда на која постои ЛДБИС - Базата на закони, други прописи и акти.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА